Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-532/3
12.12.2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 532/1 од 10.10.2022 година, поднесена од [redacted], Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основ на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија“ бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-532/1 од 10.10.2022 година, поднесена од Татјана Царулеска **поради неуредност.**

### О б р а з л о ж е н и е

На 10.10.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted].

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 28.10.2022 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на наведената електронска адреса на подносителката достави барање бр. 08-532/2 за доуредување на претставката. Со барањето подносителката беше задолжена во рок од 8 дена од приемот на барањето, да ја доуреди претставката, во насока што ќе наведе целосни податоци, односно адреса на живеење на подносителката, адреса на седиште на правното лице против кое се поднесува претставката и факти и околности врз кои се заснова дискриминацијата.

Подносителката во рокот предвиден во барањето не ја доуреди претставката.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
06.12.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател,
Исмаил Камбери